Друштво за производство, трговија и услуги
**КОПИЕР ПЛУС** ДООЕЛ увоз-извоз

Бр. ____________________

________________ 200 __ год.

СКОПЈЕ

штембил

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
- Генерален секретаријат –
бр.4606-9995/14 од 13.12.2018 година
Скопје

**„КОПИЕР ПЛУС " ДООЕЛ Скопје**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ**

# Д О Г О В О Р
## за набавка на стоки

**Скопје, Декември 2018 година**

# **Д О Г О В О Р**

Склучен на 13 .12.2018 година, меѓу:

1. **Влада на Република Македонија - Генерален секретаријат**, со седиште на бул.„Илинден„ бр.2. Скопје, претставувана и застапувана од **Д-р Драги Рашковски**, Генерален секретар, во понатамошниот текст: **Договорен орган** и
2. **„КОПИЕР ПЛУС " ДООЕЛ Скопје** со седиште на ул. Марко Орешковиќ 4 бр.56, со ЕМБС 5484588 и даночен број 4030000403190, претставувано и застапувано од **Александар Паскоски,**Управител, во понатамошниот текст: **Носител на набавката**.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на договорот за јавна набавка е набавка на **стоки – лиценци за софтверска платформа за управување со уреди за печатење и скенирање на документи.**

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Вкупната вредност на набавката на стоките предмет на Договорот, изнесува 1.013.250 (со зборови: еден милион тринаесет илјади и двеста и педесет) денари со вклучен 5% ДДВ.

## III. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 3**

Договорните страни се согласни плаќањето за испорачаната стока од предметот на набавката, да се изврши вирмански по доставување фактура и испратница за извршена испорака, во седиштето на Влада на Република Македонија - Генерален секретаријат бул.„Илинден" бр.2, Скопје,во законски утврден рок (60 дена) сметано од првиот нареден ден од денот на прием на фактурата во архивата на Договорниот орган.

## IV. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 4**

Носителот на набавката се обврзува да **ги испорача стоките од член 1 на овој Договор со карактеристики во целост согласно бараното во техничката спецификација од тендерската документација бр. 4606-9995/2 од 07.11.2018 година, најдоцна во рок од 30 (триесет) дена од денот на склучување на договорот на следнава локација:** Влада на Република Македонија - Генерален секретаријат бул.„Илинден" бр.2, Скопје.

**Член 5**

Носителот на набавката се обврзува да обезбеди банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот во висина од **од 5% од вредноста** утврдена во член 2 од овој договор.

Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма, **пред потпишување на договорот,** а со важност до исполнување на обврските од член 4 од овој договор.

Договорниот орган ќе ја врати Гаранцијата на Носителот на набавката во рок од 14 дена, по реализација на договорната обврска од страна на Носителот на набавката, утврдена во член 4.

**Член 6**

Носителот на набавката се согласува гаранцијата за квалитетно извршување на договорот да биде наплатена доколку не исполни некоја од обврските наведени во член 4 од овој договор на начин и рок согласно тендерската документација и понудата, а по претходно известување од страна на Договорниот орган.

Носителот на набавката се согласува доколку дојде до наплата на гаранцијата од став 1 од овој член договорниот орган да објави до ЕСЈН негативна референца.

## V.ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 7**

Договорниот орган има обврска да изврши квантитативен и квалитативен прием на стоките – предмет на договорот и да ја исплати вредноста наведена во член 2 од Договорот.

## VI. ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 8**

Договорот е со важност до исполнување на сите обврски од страна на носителот на набавката наведени во член 4 и исплата на вредноста од страна на Договорниот орган нведени во член 2 од овој договор.

## VII. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 9**

Измени и дополнувања на Договорот може да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат, со Анекс - Договор потпишан од овластените претставници на договорните страни.

**Член 10**

Во случај на спор договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а во спротивно истиот ќе го решава надлежниот суд во Скопје.

**Член 11**

Договорот е составен во 6 (шест) еднообразни примероци, од кои по 3 (три) за секоја договорна страна.

| | |
|---|---|
| **„КОПИЕР ПЛУС " ДООЕЛ** | **ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ** |
| **Александар Паскоски**, Управител | **Д-р Драги Рашковски**, Генерален секретар |

*Подготвил: Далибор Анчевски*

*Контролирал: Анета Стевковска*